**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**Бр. 01-1005/11**

**01.09.2021 год.**

**С К О П Ј Е**

Согласно член 9 алинеја 6 од Законот за судски буџет (Службен весник на РМ 60/2003, 37/06, 103/08 и 145/10), Судскиот буџетски совет на 167-та седница одржана на 01.09.2021 година донесе

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ЗАКЛУЧНО СО 31.07.2021 ГОДИНА

# СЕДНИЦИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ

Во текот на првата половина на 2021 година СБС одржа 7 седници на кои беа донесени одлуки во врска со распределбата на буџетот наменет за судската власт и неговото извршување. Исто така во континуитет се следеше реализацијата на судскиот буџет со цел донесување одлуки за пренамена на средствата заради обезбедување максимална реализација на буџетот.

# КАДРОВСКА СОСТОЈБА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ

# СОСТОЈБА 31.07.2021

**На ден 31.07.2020 година во Судската власт биле вработени 2.834 лица, а на ден 31.12.2020 година биле вработени вкупно 2.895 лица во судската власт, од кои:**

| опис | број на вработени 31.07.2021 |
|---|---|
| Членови на Судски совет | 12 |
| Директор и Заменик Директор на Академија | 2 |
| Судии | 486 |
| Судски службеници | 1.925 |
| Административни службеници | 43 |
| Судска полиција | 190 |
| Работници | 221 |
| Вкупно | 2.879 |

## *Вработувања во судската власт од 01.01.2021-31.07.2021 година*

Во периодот од 01.01.2021-31.07.2021 година во судската власт се реализираа 184 вработувања по разни основи и тоа: 25 извршители се вработија по објавен оглас на неопределено време (по добиена согласност од Министерството за финансии), 151 извршители се вработија по објавени огласи за вработување на определено време (по добиена согласност од Министерството за финансии), 8 извршители се превземени од државни органи и институции надвор од судската власт.

Следат табели за бројот на вработувања по единки корисници.

| Единка корисник | Број на вработени-определено |
|---|---|
| Основен кривичен суд Скопје | 25 |
| ОС Берово | 1 |
| ОС Кавадарци | 6 |
| ОС Кичево | 8 |

| | |
|---|---|
| ОС Кочани | 1 |
| Основен граѓански суд Скопје | 17 |
| ОС Кратово | 4 |
| ОС Крива Паланка | 5 |
| ОС Неготино | 1 |
| ОС Прилеп | 2 |
| ОС Радовиш | 2 |
| ОС  Битола | 23 |
| ОС Виница | 3 |
| ОС Велес | 4 |
| Управен суд | 9 |
| Судски совет на РМ | 3 |
| Основен суд Делчево | 2 |
| Основен суд Тетово | 20 |
| Основен суд Охрид | 9 |
| Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ | 2 |
| Врховен суд | 1 |
| Основен суд Дебар | 3 |
| Единка корисник | Број на вработени-неопределено |
| Основен граѓански суд Скопје | 3 |
| АС Штип | 5 |
| ОС Кавадарци | 1 |
| АС Гостивар | 3 |
| ОС Виница | 1 |
| ОС Куманово | 2 |
| АС Скопје | 7 |
| Основен кривичен суд Скопје | 2 |
| Академија за судии и јавни обвинители „Павел шатев“ | 1 |
| Единка корисник | Број на вработени-превземени |
| Управен суд | 2 |
| Основен суд Тетово | 1 |
| Основен суд Кавадарци | 1 |
| Основен граѓански суд Скопје | 1 |

| | |
|---|---|
| **Основен суд Штип** | **1** |
| **АС Скопје** | **2** |

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ ЗА

# РАЗДЕЛ 29010-СУДСКА ВЛАСТ

Самостојниот судски буџет како гаранција за обезбедување сигурен извор на финансиски средства и навремена и редовна дистрибуција на истите, до сите сегменти на судскиот систем, претставува една од темелните вредности врз која се заснова целосното етаблирање на самостојно и независно судство како носител на судската власт.

Почнувајќи од 2012 година требаше да започне примената на член 4 и член 16 од Законот за измена на Законот за судски буџет (Службен весник на РМ бр 145 од 5.11.2010 година) кој предвидува средствата за ‘‘судска власт‘‘ во Буџетот на Република Македонија потребни за функционирање на единките корисници, да се утврдуваат во износ од најмалку 0,8 %, при што за буџетската 2012 година требаше да изнесува 0,5 % од БДП на Република Македонија. Оваа законска одредба не се примени во 2021 година.

***Вкупниот буџет на судската власт за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20) изнесуваше 2.105.398.000,00 денари.***

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ

# НА ПРОГРАМА 20-СУДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА – БУЏЕТСКА СМЕТКА

Реализацијата на буџетот за 2021 година за програма 20-судска администрација за сметка 603/630 буџетска сметка изнесува 53,91%.

КАТЕГОРИЈА 40 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ

За плати и надоместоци со Буџетот беа обезбедени средства во висина од 1.585.498.000,00 денари. Со Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/21) истите беа зголемени на 1.614.216.000,00.

| 40- буџет | 40-Реализација на буџет | 40-% на реализација |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1.614.216.000,00 | 923.703.312,00 | 57,22 |

| ста вка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 1.140.407.000,00 | 664.431.132,00 | 475.975.868,00 | 58,26 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 443.491.000,00 | 258.403.520,00 | 185.087.480,00 | 58,27 |
| | Вкупно | 1.583.898.000,00 | 922.834.652,00 | 661.063.348,00 | 58,26 |

Во рамките на категорија 40-Плати и надоместоци се реализираат прекувремени часови работа и ноќни часови работа за припадниците на судската полиција. Реализираните часови и износи по наведените основи се прикажани во следната табела:

| месец | Реализирани часови | Вкупен износ ноќна работа | Реализирани часови | Вкупен износ прекувремена работа |
|---|---|---|---|---|
| јануари | 7.631 | 442.361 | 2.268 | 508.718 |
| Февруари | 7.097 | 434.569 | 1.980 | 461.650 |
| Март | 7.351 | 392.503 | 1.690 | 350.447 |
| Април | 7.426 | 413.523 | 1.961 | 425.583 |
| Мај | 7.605 | 443.247 | 2.563 | 443.247 |
| Јуни | 7.430 | 412.398 | 1.997 | 433.571 |
| Јули | 6.930 | 385.836 | 1.973 | 429.582 |
| | 51.470 | 2.924.437 | 14.432 | 3.052.798 |

Прекувремените часови работа се реализираат поради недоволниот број на вработени лица во категоријата судска полиција кои вршат обезбедување на судската зграда и лицата во период од 24 часа, согласно Судскиот деловник.

Од средствата на ставката 404-Надоместоци се врши исплата на средства по основ на одвоен живот за судиите кои го остваруваат ова право и дежурства за вработените во судската власт кои дежураат по завршувањето на работното време на судовите. Оваа година со Ребалансот на Буџетот на оваа ставка се предвидени и средства за исплата на регрес од годишен одмор за 2021 година, за вработените во судската власт.

| ставка | опис | Буџет | Реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 404 | Надоместоци | 30.318.000,00 | 868.660,00 | 29.449.340,00 | 2,87 |

## 42 – СТОКИ И УСЛУГИ

| ставка | опис | Буџет | Буџет по ребаланс и извршни решенија | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000,00 | 300.000,00 | 34.140,00 | 265.860,00 | 11,38 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 90.000.000,00 | 87.420.300,00 | 51.709.113,00 | 35.711.187,00 | 59,15 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 20.000.000,00 | 19.961.000,00 | 10.991.527,00 | 8.969.473,00 | 55,07 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 24.000.000,00 | 23.314.776,00 | 9.164.577,00 | 14.150.199,00 | 39,31 |
| 425 | Договорни услуги | 49.000.000,00 | 48.286.000,00 | 30.107.272,00 | 18.178.728,00 | 62,35 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 | 1.205.184,00 | 794.816,00 | 60,26 |
| | Вкупно | 185.300.000,00 | 181.282.076,00 | 103.211.813,00 | 78.070.263,00 | 56,93 |

Средствата за тековно работење на единките корисници на судскиот буџет се обезбедуваат во рамките на категоријата 42- Стоки и услуги.

Буџетот со сосотјба од 31.07.2020 година, по Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/2021) изнесува 181.282.076,00  денари. Тоа ја наметна потребата судските единки рационално да ги трошат одобрените средства. Овој износ се реализира во висина од 56,93%.

### *Ставка 420-Патни и дневни трошоци*

Ставката 420-Патни  и дневни расходи  се однесува на  дневниците за службени патувања, сместување и патните трошоци во земјата и во странство. Со Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/21) состојбата е следна:

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 300.000,00 | 34.140,00 | 11,38 |

*Ставка 421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт*

За оваа ставка е одобрен износ од 90.000.000,00 денари, што со Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/20) и реализација на правосилни и извршни судски решенија е намален на 87.420.300,00.

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 87.420.300,00 | 51.709.113,00 | 59,15 |

*Ставка 423-Ситен инвентрар, алат и други материјали за поправка*

Со Буџетот за 2021 година на оваа ставка се одобрени 20.000.000,00 кои по Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/21) и реализација на правосилни и извршни судски решенија е намален на 19.961.000,00 денари.

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 19.961.000,00 | 10.991.527,00 | 55,07 |

*Ставка 424-Поправки и тековно одржување*

Одобрениот буџет на оваа ставка изнесуваше 24.000.000,00 денари, а моменталната состојба со буџетот на оваа ставка е следна:

| Буџет 2021 | Реализација | % на реализација |
|---|---|---|
| 23.314.776,00 | 9.164.577,00 | 39,31 |

*Ставка 425- Договорни услуги*

Со Буџетот за 2021 година беа одобрени 49.000.000,00 денари, а по Ребалансот на буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/) и реализација на правосилни и извршни судски решенија е намален на 48.286.000,00 денари. Оваа ставка е досега реализирана со 62,35%.

| **Буџет 2021** | **Реализација** | **% на реализација** |
|---|---|---|
| 48.286.000,00 | 30.107.272,00 | 62,35 |

*Ставка 426- Други тековни расходи*

Средствата одобрени со Буџетот за 2021 се во износ од 2.000.000,00 денари.

| **Буџет 2021** | **Реализација** | **% на реализација** |
|---|---|---|
| 2.000.000,00 | 1.205.184,00 | 60,26 |

## КАТЕГОРИЈА 46 – СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ

Заклучно со 31.07.2021 година буџетот за оваа категорија на буџетската сметка 637/603 и самофинансирачката сметка 631 изнесува 50.840.924,00 денари денари. Категоријата 46-Субвенции и трансфери ги опфаќа трошоците за:

- Правосилни извршни решенија;
- Пресуди за повреда на правото на судење во разумен рок, а согласно член 36 став 6 од Законот за судови;
- Трошоци од правосилни прекршочни пресуди;
- Правосилни пресуди за неподмирени обврски на судовите кон доверителите и
- Согласно член 14,16 и 17 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20 и 171/2021), буџетските корисници исплаќаат средства и по следните основи: отпремнина при пензионирање, парична помош во случај на смрт на вработениот и член на потесното семејство, боледување подолго од 6 месеци и сл.

| Буџет 2021 | Реализација на буџет | % на реализација |
|---|---|---|
| 50.840.924,00 | 35.546.846,00 | 69,92 |

Износот на одобрени средства до 31.07.2021 година, за раздел 29010-судска власт, програма 20 – судска администрација, **на расходното конто 464 – разни трансфери** е 28.784.659,00 денари., од кои 8.529.777,00 денари се одобрени за исплата на правосилни пресуди поврзани со повреда на правата од работен однос, 12.441.402,00 денари за исплата на надоместоци од работен однос и правосилни пресуди за неподмирени обврски кон доверители и 7.813.480,00 денари за исплата и на правосилните пресуди на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за повреда на правото за судење во разумен рок и трошоци од правосилни прекршочни пресуди. Заклучно со 31.07.2020 година, на расходното конто 464 – разни трансфери судската власт има остаток од 14.606.360,00 денари, одобрени дополнително со Ребалансот на Буџетот за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 171/2021) и реализација од 66,34%.

*Анализа на состојбата на исплатените досудени правични надоместоци на подносителите на барањата по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за период до 31.07.2021 година*

Судски буџетски совет при исплатата на паричните надоместоци по правосилните решенија на Врховниот суд на Република Северна Македонија на подносителите на барањата што им се досудени заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, постапува согласно Уставот на Република Северна Македонија, Законот за судовите, како и според правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Од спроведената анализа во врска со исплатата на паричните надоместоци за периодот од 01.01.2021 – 31.07.2021 година се бележи следната состојба:

- извршена е исплата на правични надоместоци по доставените правосилни решенија од Врховниот суд на Република Северна Македонија заради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок на подносителите на барањата во вкупен износ од **6.559.132,00 денари.**
- Судски буџетски совет изврши пренос на досудените средства од буџетската сметка 290104169663714, категорија 46 – субвенции и трансфери, ставка 464, подставка 464/464910 – плаќање по судски решенија, на депозитната сметка на Судскиот буџетски совет бр.290104169669610, а поради ненавремено и подолго недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во вкупен износ од **32.500,00 денари.**

- Од депозитната сметка на СБС беше извршена исплата на досудени правични надоместоци по доставување на бараните податоци од страна на подносителите на барања во вкупен износ од **35.000,00 денари**;
- Судски буџетски совет изврши враќање на досудените средства во Буџетот на Република Северна Македонија поради недоставување на бараните податоци од страна на подносителите на барањата во законски определениот рок (односно во рок од 1 година од денот на преносот на досудените средства на депозитна сметка на Судски буџетски совет) во вкупен износ од **10.000,00 денари.**

Во врска со постапувањето по правосилни одлуки на судовите во кои е одлучено да трошоците на постапката паѓаат на товар на Судскиот буџет, заклучно со 31.07.2021 година се бележи следната состојба:

-извршена е исплата на трошоците на постапките по доставени **правосилни одлуки** од судовите во **вкупен износ од 1.221.848,00 денари**;

-од сметката Судска власт поради преземени извршни дејствија од извршителите, со присилна наплата **извршени се средства во вкупен износ од 81.298,00 денари**.

Судски буџетски совет се соочува со одредени проблеми при исплата на досудени трошоци на прекршочна постапка, но во помал обем во споредба со претходните години:

- одлуки на судовите воопшто не се доставуваат до Судскиот буџетски совет или се доставуваат подоцна откога ќе стане одлуката правосилна и извршна;
- во некои одлуки јасно не е наведен доверителот односно на кого треба да му се исплатат трошоците;

-странките односно нивните полномошници и по наше испратено барање за достава на податоци не доставуваат сметка на која би можеле да им ги префрлиме средствата, туку спроведуваат присилно извршување врз средствата на Судскиот буџет.

Напоменуваме дека е донесен нов Закон за прекршоци (Службен весник на РСМ бр.96/19), со кој обврската за исплатата на трошоците на прекршочната постапка при ослободителна пресуда и во случај кога постапката е запрена со решение, преминува од Судскиот буџет на Буџетот на РСМ.

### ***Одобрени финансиски средства на единките корисници од судската власт за исплата на парична помош, непрекинати боледувања подолги од шест месеци и отпремнини на подносителите на барањата***

Од судскиот буџет за 2021 година, од ставка 464, раздел 29010 – судска власт, категорија 46 – субвенции и трансфери, програма 20 – судска администрација за прва

половина на 2021 година заклучно со 31.07.2021 година одобрени се финансиски средства на единките корисници од судската власт за исплата на надоместоци од работен однос на подносителите на барањата во вкупен износ од 2.767.576,00 денари.
Заклучно со состојбата до 31.07.2021 година одобрени се вкупно 98 барања поднесени од единките корисници на судската власт за одобрување на средства за исплата на надоместоци од работен однос од кои:

- 66 (шеест и шест) барања за одобрување на средства за исплата на парична помош, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 1.080.000,00 денари;
- 5 (пет) барања за одобрување на средства за исплата на непрекинати боледувања подолги од шест месеци, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 176.151,00 денари и
- 27 (дваесет и седум) барања за одобрување на средства за исплата на отпремнина, при што одобрени се финансиски средства за исплата во вкупен износ од 1.511.425,00 денари.

Во периодот до 31.07.2021 година на ниво на судска власт на буџетската сметка 637/603 и самофинансирачката сметка 631 реализирани се правосилни извршни судски решенија во износ од 7.449.905,00 денари по разни основи (извршни судски решенија за ненавремено плаќање на обврски за Судска медицина, бранители по службена должност и сл).

## КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За категорија 48 - капитални расходи за Програма 20-судска администрација, со Буџетот на РСМ за 2021 година беа одобрени 173.100.000 денари, кои беа распределени со Годишната програма за капитални расходи од Буџет Судска власт бр. 01-69/21 од 15.01.2020 година. Заради дополнителна распределба на средства на сметките 603 и 631, што беа оставени нераспределени при донесувањето на Годишната програма, донесена е Измена на Годишната програма бр. 02-160/15 од 29.01.2021 година. Со оваа измена се изврши и прераспределба на средства во износ од 1.200.000 денари од ставка 480 на ставка 486 на сметката 631, за што е добиено Одобрение од Министерството за финансии бр. 08-4/37/-2 од 12.02.20121 година. Во полугодишниот период, Годишната програма претрпе уште една Измена бр. 01-779/11 од 30.06.2021 година, со која се изврши нова распределба на средства на сметката 631, што беа оставени нераспределени при донесувањето на претходната Измена на Годишната програма, како и прераспределба на средства во рамките на одобрениот буџет на сметките 603 и 631 од

едни на други единки корисници согласно реализацијата на веќе завршените набавки и дополнителните барања на единките корисници.

Одобрените средства со последната Измена на Годишната програма се планирани со следната структура по ставки и потставки на буџетската сметка и на сметката сопствени приходи:

**<u>Програма 20-Судска администрација:.............................173.100.000 денари</u>**

- **480 – купување на опрема и машини ....................... 98.800.000 денари**
  - Сметка 603/637 ...............................90.000.000 денари
  - Сметка 631......................................  8.800.000 денари
- **481 – градежни објекти.................................................60.000.000 денари**
  - Сметка 603/637 ...............................50.000.000 денари
  - Сметка 631.......................................10.000.000 денари
- **485 – вложувања и нефинансиски средства...........12.000.000 денари**
  - Сметка 603/637.............................. 11.810.000 денари
  - Сметка 603/637/нераспределени.....   190.000 денари
- **486 – купување на возила...........................................2.300.000 денари**
  - Сметка 631........................................2.300.000 денари

Во периодот до 31.07.2020 година на катергоријата 48 – капитални расходи во Програма 20-судска администрација се реализирани вкупно **22.214.822** денари. Во најголем дел тоа се набавки што беа почнати и за кои беа склучени договори во текот на 2020 година и тоа: Управен суд – реализирани 15.493.810 денари (реновирање и адаптација на новиот деловен простор, што претставува реализација од околу 32% од вкупно одобрените 48.500.000 денари); ОГС Скопје – 1.130.756 денари (набавка на рентген за торби); ОС Охрид, ОС Штип и ОС Прилеп – (информатичка опрема во вкупен износ од 1.197.092 денари), ОС Струмица (набавка на возило во износ од 1.099.760 денари). Од набавките што се целосно спроведени во 2021 година, реализирани се 957.236 денари за информатичка опрема за ОС Кочани, Ос Струга, ОС Гевгелија и ОС Кратово, 1.092.505 денари за опрема за климатизација за ОС Гевгелија, ОС Тетово, ОКС Скопје и ОС Дебар и 1.200.000 денари за набавка на возило за ОС Кавадарци. Процентот на реализација на капиталните расходи до 31.07.2021 година изнесува 12,83%.

Праксата од изминатите година покажува дека единките корисници тежиштето на реализацијата на капиталните расходи го планираат за третиот и четвртиот квартал и се очекува дека повеќето набавки за кои се одобрени финансиски средства ќе бидат реализирани до крајот на годината. За набавката на нови сервери и друга ИТ опрема за непречено функционирање на АКМИС системот со сите надградби, што треба да ја спроведе Врховниот суд на РСМ како групна јавна набавка и за која се распределени 90.000.000 денари, досега е завршена постапката за набавка на консултантски услуги за

изготвување на техничките спецификации и се очекува дека истата ќе биде реализирана до крајот на годината. Доколку тоа не се случи, средствата ќе треба да бидат повторно обезбедени за идната година. Истото важи и за завршувањето на набавката за реновирање на деловниот простор за Управниот суд.

Реализацијата на одобрените средства согласно последната Измена на Годишната програма по ставки и потставки на буџетската сметка и на сметката сопствени приходи е претставена во долната табела:

| Ставка/ категорија | **Годишна програма за капитални расходи Буџет 2021** | | **Измена на Годишна програма за капитални расходи, Одобрение МФ** | |
|---|---|---|---|---|
| ***480*** | 100.000.000 | | **98.800.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 90.000.000 | 10.000.000 | 90.000.000 | 8.800.000 |
| | реализација - 31.07.2021 | | **0** | **4.251.642** |
| | % реализација - 31.07.2021 | | **0** | **48,3** |
| ***481*** | 60.000.000 | | **60.000.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 50.000.000 | 10.000.000 | 50.000.000 | 10.000.000 |
| | реализација - 31.07.2021 | | **15.493.810** | **169.610** |
| | % реализација - 31.07.2021 | | **30,9** | **1,7** |
| ***485*** | 12.000.000 | | **12.000.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | 12.000.000 | / | 12.000.000 | / |
| | реализација - 31.07.2021 | | 0 | / |
| | % реализација - 31.07.2021 | | **0** | / |
| ***486*** | 1.100.000 | | **2.300.000** | |
| | 603 | 631 | 603 | 631 |
| | / | 1.100.000 | / | 2.300.000 |
| | реализација - 31.07.2021 | | / | **2.299.760** |
| | % реализација - 31.07.2021 | | / | **99,9** |
| ***48*** | 173.100.000 | | **173.100.000** | |

| | |
|---|---|
| реализација - 31.07.2021 | **22.214.822** |
| % реализација - 31.07.2021 | **12,83** |

*Табела:Реализација на категорија 48-капитални расходи за Програма 20 до 31.07.2021година*

# ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ПРОГРАМА 30-АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Досегашната реализација на буџетот за 2021 година за програма 30-Академија за судии и јавни обвинители за сметка 603/630 буџетска сметка изнесува 54,45%.

## КАТЕГОРИЈА 40 – ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТИ

За плати и надоместоци со Буџетот се обезбедени средства во висина од 49.037.000,00 денари. Истите се реализирани со стапка од 56,91**%.**

| **40- буџет** | **40-Реализација на буџет** | **40-% на реализација** |
|---|---|---|
| **49.037.000,00** | **27.908.756,00** | 56,91 |

## КАТЕГОРИЈА 42 – СТОКИ И УСЛУГИ

Средствата од одобрениот буџетот за 2021 година изнесуваат 21.263.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | **500.000,00** | **192.940,00** | 307.060,00 | **38,59** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 421 | Комунални услуги, греење, | **1.600.000,00** | **1.036.333,00** | 563.667,00 | **64,77** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | **1.200.000,00** | **236.940,00** | 963.060,00 | **19,75** |
| 424 | Поправки и тековно одржување | **640.000,00** | **78.307,00** | 561.693,00 | **12,24** |
| 425 | Договорни услуги | **16.523.000,00** | **8.995.071,00** | 7.527.929,00 | **54,44** |
| 426 | Други тековни расходи | **800.000,00** | **371.125,00** | 428.875,00 | **46,39** |
| | Вкупно | **21.263.000,00** | **10.910.716,00** | 10.352.284,00 | **51,31** |

КАТЕГОРИЈА 48 – КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

За капитални расходи со Буџетот се обезбедени средства во висина од 1.000.000,00 денари. Истите не се реализирани**.**

**Сметка 785 – Сметка на донации**

Академијата за судии и јавни обвинители за 2021 година има одобрен буџет за реализација на проекти по пат на донации во вкупен износ од 3.000.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.100.000,00 | 0,00 | 1.100.000,00 | 0,00 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 200.000,00 | 0,00 | 200.000,00 | 0,00 |
| 425 | Материјали и ситен инвентар | 1.400.000,00 | 165.594,00 | 1.234.406,00 | 11,83 |
| 426 | Договорни услуги | 300.000,00 | 0,00 | 300.000,00 | 0,00 |
| | Вкупно | 3.000.000,00 | 165.594,00 | 2.834.406,00 | 5,52 |

**Сметка 787 – Сметка на самофинансирачки активности**

За оваа сметка со Буџетот за 2021 година се одобрени 900.000,00 денари.

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 464 | Разни трансфери | 900.000,00 | 309.630,00 | 590.370,00 | 34,40 |

# РЕАЛИЗАЦИЈА НА СОПСТВЕНИТЕ ПРИХОДИ НА СУДОВИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА

Покрај средствата одобрени од Буџетот на РМ, со судскиот буџет се планира, усвојува и реализира буџет на сопствени приходи, кои судовите ги остваруваат по различни основи и тоа:

- Приходи остварени од други неданочни приходи
- Приходи од осигурување на имот
- Приходи од депозити, закупнини, судски паушали и сл.

Буџет на сопствени приходи за 2021 година изнесува 104.400.000 денари, а неговата распределба по ставки е следна:

| ставка | опис | Буџет | реализација | остаток | % на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 420 | Патни и дневни расходи | 300.000,00 | 61.510,00 | 238.490,00 | 20,50 |
| 421 | Комунални услуги, греење, | 24.336.000,00 | 11.374.871,00 | 12.961.129,00 | 46,74 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 5.997.000,00 | 1.682.436,00 | 4.314.564,00 | 28,05 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 4.444.000,00 | 1.342.655,00 | 3.101.345,00 | 30,21 |
| 425 | Договорни услуги | 24.000.000,00 | 7.946.364,00 | 16.053.636,00 | 33,11 |
| 426 | Други тековни расходи | 2.400.000,00 | 752.707,00 | 1.647.293,00 | 31,36 |
| 464 | Исплата по извршни исправи | 19.692.019,00 | 10.189.533,00 | 9.502.486,00 | 51,74 |
| 465 | Купување на опрема и машини | 2.130.981,00 | 2.130.981,00 | 0,00 | 100,00 |
| 480 | Градежни објекти | 8.800.000,00 | 4.251.642,00 | 4.548.358,00 | 48,31 |
| 481 | Купување на мебел | 10.000.000,00 | 169.610,00 | 9.830.390,00 | 1,70 |
| 486 | Купување на возила | 2.300.000,00 | 2.299.760,00 | 240,00 | 99,99 |
| | Вкупно | 104.400.000,00 | **42.202.069,00** | 62.197.931,00 | 40,42 |

Реализацијата на буџетот за 2021 година за програма 20-судска администрација за сметката 631 сопствени средства изнесува 40,42%.

**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Павлина Црвенковска**